**2021008123**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.307/20) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јануари 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА ЗА 2021 ГОДИНА

I. Со оваа програма се уредува финансирањето за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица за 2021 година, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 31.100.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, Раздел 150.01 - Министерство за труд и социјална политика, Потпрограма 4А - Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица и ќе се користат за следните намени:

- Изведување на градежни работи за реконструкција и адаптација на Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во општина Чашка
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во општина Чашка
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за сензор соба во Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост – Виница
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дневен центар за лица со телесна и интелектуална попреченост, за Дневен центар за деца со аутизам и за мал групен дом за деца без родители и родителска грижа - Штип
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за ЈОУ „Дом за стари лица д-р Иван Влашки" - Берово
- Изградба на нов Дневен центар за деца со ментална и телесна попреченост во општина Боговиње
- Изградба на нов дом за стари лица во Кочани
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за дом за стари лица во Кочани
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за сензор соба во Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Пробиштип
- Набавка, испорака и монтажа на опрема за Дом за стари лица во Општина Пробиштип
- Продолжување на изведба на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за поддршка на згрижувачки семејства при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца" – Битола, Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца"– Битола, Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост во Берово, Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост (сензор соба) во Пробиштип и изведба на градежни работи за адаптација и пренамена на Дом за стари лица во Општина Пробиштип
- Продолжување на испорака и монтажа на опрема за Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца"– Битола и Дневен центар за корисници од 16-26 годишна возраст при Ј.У „Завод за рехабилитација на деца и младинци" – Скопје.

По однос на договорите склучени од претходната година сите обврски од 2020 година се измирени.

Вкупниот износ на склучени договори за повеќе годишни јавни набавки за 2020 година изнесуваат 52.328.706 денари и обврските за истите ќе се исплатат во зависност од реализација на терен.

II. Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за труд и социјална политика и најдоцна до крајот на 2021 година доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

III. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12943/1-20
12 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.